Ова е **втора година во која општина Делчево распределува средства за организации преку отворен повик** врз основа на претходно утврдени критериуми и приоритети. Со годинешниот повик предвидено е на здруженијата на граѓани и на спортските клубови **да им се доделат вкупно 900.000 денари**. Ова го истакнаа организациите од Делчево на средбата на Мобилниот ресурсен центар. Средбата беше реализирана во партнерство со организацијата [КХАМ Делчево] и се одржа во нејзините простории на 30 јануари 2019 година.




За време на средбата, учесниците го истакнаа **проблемот со управувањето со персоналот како и предизвикот да ги задржат младите во организациите**. Дел од учесниците посочија и дека

**младите не се доволно информирани за работата на здруженијата**
. Меѓу присутните беа и неколку претставници од училишната организација на Средното општинско училиште „Методи Митевски- Брицо“ кои имаа можност подетално да се запознаат со функционирањето на локалните организации.

Зоран Биковски. од КХАМ Делчево, рече дека при регрутирањето особено е важно организациите да имаат **план за постојан развој на вештините кај волонтерите** и **правилник за нивен кариерен напредок**
. „Исто така потребно е вмрежување на организациите и нивно меѓусебно поддржување со цел заеднички настап за решавање на предизвиците кои ги тангираат нивните корисници, а истовремено овозможување на гласност и видливост на заедницата“, додаде тој.

Учесниците изразија **потреба од обуки за управување со човечки ресурси, градење на членство, волонтерство, како и за социјално претприемништво**
.

Претставниците на Мобилниот ресурсен центар остварија **средба** и **со Валерија Соколова, претставничка од општина Делчево**
. Таа истакна дека
**општината има многу добра соработка со организациите**
.
**Веќе изготвиле Стратегија за соработка со граѓанскиот сектор**
во партнерство со
Регионалниот центар за застапување Делчево
, што било финансиски поддржано од Европската Унија. Локалната стратегија ја зема предвид националната Стратегија за соработка со граѓанскиот сектор 2018-2020. Дополнително, таа посочи дека на веб страницата на општината постои
**листа со контакти**
**од организациите кои активно делуваат на територијата на општината**
.

Граѓанскиот ресурсен центар е проект финансиран од Европската Унија, а спроведуван од Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со Асоцијација за демократски иницијативи
(АДИ) од Гостивар и
Медиа плус
од Штип.